Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

| Примена: | 02.04.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| | 134 0306 | | |

20.04.2018

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 26 март 2018 година, врз основа на примена жалба од адвокат Игор Марковски, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Интернет порталот „ДоказМ.мк со текстот насловен „Емил Угриновски сака невешто да се испере, еве дел од оштетените“, го прекрши Кодексот на новинарите во членовите 1, 4 и 13.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 13 март 2018 година, адвокат Игор Марковски, во својство на полномошник на директорот и сопственик на ПЗУ Неуромедика Скопје, д-р Емил Угриновски поднесе жалба за текстот насловен „Емил Угриновски сака невешто да се испере, еве дел од оштетените", објавен на 6 март 2018 година, на интернет порталот „ДоказМ.мк" (www.dokaz.website).

Во жалбата се наведува дека во текстот се изнесени тешки невистини и лаги без ниту еден релевантен доказ и дека се изнесени навреди и клевети за кои д-р Емил Угриновски и ПЗУ Неуромедика трпеле огромни штети на нивната чест и углед.

*„Во ниту еден момент авторите на публикациите, уредништвото на порталот не побара мислење или изјава од нашиот клиент и ПЗУ Неуромедика Скопје, не се обиде да ги провери информациите, туку очигледно ги интересира сензационализам и поголем „сообраќај" на нивниот веб портал преку кој остваруваат профит"*, посочува адвокат Игор Марковски во жалбата.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, се обиде, но не успеа стапи во контакт со интернет порталот „ДоказМ.мк" за да побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Наведениот портал нема наведено е-маил адреса, поштенска адреса или број на телефон за остварување на комуникација по службена должност.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1, 4 и 13.

***Член 1***: *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно".*

***Член 4:*** *„Новинарот ќе го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити".*

***Член 13:*** *„Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот".*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 26 март 2018 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот и изврши увид во спорната содржина. Таа, најпрво, заклучи дека не може и нема право да ги утврдува фактите наведени во неа. Нејзината надлежност е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата, најпрво, утврди дека текстот произлегува од јавниот интерес, но дека авторот, кој не е потпишан на текстот, користи недоволно проверени и потврдени информации, со кои лесно може да ја доведе јавноста во заблуда и да ја дезинформира. Комисијата најде дека, иако авторот информациите ги базира на анонимни писма на граѓани, сепак не обезбедил доволно релевантни факти за да ги поткрепи таквите тврдења, особено, кога некој е предмет на напад и критика, како што е во дадениов случај. Со тоа, интернет порталот го прекрши членот 1 од Кодексот на новинарите, во кој, особено се издвојува првата реченица од текстот:

***„Доказм доби над 20 писма на нашиот мејл и фан страни во кои девојки и момци реагираат на неморалите постапки на сопственикот на Неуромедика Емил Угриновски, кој сега сега се заканува со тужба, да бевме држава, Лекарската комора, МВР, Трудова инспекција ќе провереше по кои критериуми се вработува во болницата, дали навистина приватните болници се такозвани јавни куќи“.***

Постулат на новинарската професија е да се побара став од сите засегнати страни, особено во случаи кога новинарот изнесува сомневања или обвинувања. Проверката на податоците и точноста се морални императиви на новинарството, затоа новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора.

Во продолжение, Комисијата најде дека во текстот е прекршен и членот 4 од Кодексот на новинарите, според кој, новинарот треба да го назначи изворот на информациите, но ако изворот бара да остане анонимен, новинарот ќе го заштити. Новинарот секогаш треба да биде критичен кон изворот и да ги провери доставените информации. Особено внимание треба да се обрне во ситуации кога се користат анонимни извори или кога на новинарот му се нудат ексклузивни информации. Тогаш треба особено строго да се проверат мотивите на доставувачот на информацијата.

Понатаму, Комисијата утврди дека авторот своите мислења ги прикрива како факти и со тоа го прекршил и членот 13 од Кодексот на новинарите, што особено е нагласено во следната реченица:

***„Угриновски сака да го убие гласникот, мафта со тужби, мафтај бе ама од нас спас нема, осетиле и помоќни од тебе, вистината искача на виделина“.***

Точно е дека новинарите имаат право на свое мислење, став и вредносен суд, но не смеат сопственото мислење да го камуфлираат како факти. Мора да биде јасно разграничено што се факти и информации, а што коментар, претпоставка или став на авторот за да се избегнат дезинформирање и манипулации.

Во однос на забелешката на жалителот дека интернет порталот „ДоказМ.мк“ не објавил демант на пропишаниот начин и место, Комисијата за жалби не можеше да утврди повреда на ова начело, затоа што не ѝ беше доставен на увид примерок од објавениот демант на медиумот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како во диспозитивот.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Гоце Герасимовски, Теофил Блажевски и Филип Ѓурчиновски.

**Се обврзува интернет порталот „ДоказМ.мк“ (www.dokaz.website), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595